РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1155/10
26-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 68-мата седница одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-1155/1 од 15.03.2021 година, оформен по доставена пријава за службеното лице ///, судија на ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Воедно, за предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи или пак веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-1155/1 од 15.03.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител на ден 15.03.2021 година поднесена е пријава за службеното лице ///, судија на ///, и оформен е предмет број 12-1155/1 од 15.03.2021 година.

Во пријавата е изразено сомневање за злоупотреба на службената положба од страна на пријавеното лице во насока на влијание за непреземање на мерки од страна на надлежните инспекциски служби во врска со изградба на објект на КП /// во КО /// по ИЛ /// во сопственост на пријавената /// и на ///.

Според изнесените наводи, на КП /// во КО ///, по ИЛ бр. /// – сопственост на лицата /// и ///, бесправно бил изграден објект при што било навлезено во КП /// и бил ограден просторот на КП ///, двете по ИЛ бр.///- сопственост на Република Северна Македонија, во границите на Националниот парк ///. Во пријавата се изнесени и наводи дека на посочените површини биле исечени и дрвја од пошумен простор со заштитена флора. Воедно, посочено е дека конкретните лица и претходно бесправно изградиле објект којшто бил срушен согласно донесено решение од надлежен државен орган.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до Одделението за инспекциски надзор – Инспекторат при Општина ///, Основното јавно обвинителство /// (ОЈО ///), ЈУ Национален парк /// – /// и до Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

По добивање на бараните информации, од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Од страна на ОЈО /// бил оформен предмет /// против две лица – /// и ///, за кривичното дело „Узурпација на недвижности" по член 225 од Кривичниот законик или кривичното дело „Бесправно градење" по член 244-а од Кривичниот законик. По преземени истражни дејствија во предметот била донесена јавнообвинителска одлука. Од страна на лицето ///, подносител на предметната пријава до ДКСК, во врска со јавнообвинителската одлука на ОЈО /// била поднесена жалба до повисокото јавно обвинителство, која не била прифатена.

Во врска со предметниот случај, по доставена пријава од ///, подносител на предметната пријава до ДКСК, во тек е постапка пред Државното правобранителство на Република Северна Македонија. Според составен Записник за констатирана состојба при извршен увид на парцелите КПбр. ///, КПбр. /// и КПбр. /// во КО /// од страна на ЈУ Национален парк /// од /// година, доставен до Државниот правобранител на Република Северна Македонија за подрачје ///, до ОЈО ///, до Градежната инспекција при Општина /// и до ДКСК, не се констатирани неправилности. Во Записникот е констатирано дека во оградената површина на предметните парцели не е извршено сечење на дрвја. Истовремено, укажано е на неможност за утврдување на евентуално противправно узурпирање на земјиште од страна на ЈУ Национален парк /// – ///.

Од страна на Одделението за инспекциски надзор – Инспекторат при Општина /// бил извршен инспекциски надзор на КПбр. ///, КПбр. /// и КПбр. /// во КО ///. Според составен Записник ИП1 бр. /// од /// година, при увид на лице место констатирана е поставена камп-приколка на бетонски постамент стар повеќе години, мал шанк со фурна изградени пред повеќе години, и објект – дрвена барака, изградена пред повеќе години на КП /// КО ///, како и оградувања помеѓу парцелите КП/// КО /// и КП/// со ѕид од камен и челична жица изведени пред многу години, како и мал парапетен ѕид изграден пред повеќе години – наследени при купување на парцелата во 1971 година од страна на таткото на субјектот на надзор од кого недвижноста е наследена. Во Записникот е констатирано дека за предметниот објект – дрвена барака на КП /// се води постапка по барање за легализација на бесправно изграден објект од /// 2011 година, која сè уште е во тек. Според констатираното и член 95 од Законот за општа управна постапка, управната постапка се прекинува до решавање на претходното прашање – добивање на правен статус за бесправна градба при Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и дека нема елементи за натамошно постапување. Воедно, за предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи или веќе постапиле други надлежни органи. Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Нури Бајрами**